161/09,83/10,51/11,44/12,23/13,163/13,180/14,146/15,52/16,151/21и3/25), се донесе одлука како во диспозитивот, Државниот инспекторат за животна средина донесе Решение како во диспозитивот.

Доколку во предвидениот рок не се постапи по Решението Државниот Инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка согласно член 245 став 1 точка 11 од Законот за води (Сл.весник на Р.М. Сл.весник на Р.М. бр.87/08,6/09,161/09,83/10,51/11,44/12, 23/13,163/13,180/14,146/15,52/16,151/21и3/25).

Согласно член 70 став (2) од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекцискик акт.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против инспекцискиот акт од член 68 ставови (1) и (2) од овој закон, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на инспекцискиот акт, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. За жалабата се плаќа административна такса 250,00 денари, на жиро сметка 100-0000000630-95, 840-165-03128, приходна шифра 722315 и програма 00.

Игор Трајкоски
Државен инспектор за животна средина

Доставено до:
-Архива
-ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА Струга

Државниот Инспекторат за животна средина преку Игор Трајкоски Државен инспектор за животна средина со службена легитимација бр. 06-0017 на ден 23.02.2026година направи вонреден инспекциски надзор во правниот субјект Јавно Претпријатие ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА Струга ул.Кеј 8-ми Ноември бб- Струга, застапувано од В.Д. Директор Јованчо Мечкароски, со ЕМБС 7404034 и ЕДБ 4026019532473, при што со Записник бр.29-190 од истиот датум константирано е дека во Шум изворот се наоѓа во подножјето на планината Јабланица на КП 892/3 КО Заграчани Шум. Изворот е површински кој е во вид на пештера од каде што со цевки кои биле со должина од 40метри се пумпа водата со пумпи кои се наоѓаат во објект веднаш до изворот и дел се набива во цевководот кој оди према Струга, а дел се пумпа во резервоарите кои се наоѓаат над изворот. Објектот околу извориштето е заграден со ограда, на лице место има и чувар.
Согласно член 26 и 28 од Законот за водите субјектот треба да поседува Дозвола за користење на водата за снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот. При увидот од страна на претставникот на субјектот беше изјавено дека за снабудвање на градот Струга и населените места се користат изворите од Шум и изворите од Горна Белица. За изворот во Шум нема Дозвола за користење на водата за снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот и дека изворот во Шум се користи од 1974година и немаат никаква документација, а додека за изворите од Горна Белица беше приложено Решение издадено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со бр.12-5669/3 од 19.09.1995година за издавање на Водостопанска согласност за зафаќање на вода од изворите во атарите на селата Горна Белица и Вишни за водоснабдување на градот Струга. Исто така беше приложено Решение од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со бр.12-9435/2 од 30.09.2002година за издавање на Водостопанска согласност за реконструкција и проширување на системите за водоснабдување со користење на изворите во Вишни и Горна Белица. Но не беше приложена Дозвола за користење на водата за снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот.

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности: **НЕМА Дозвола за користење на водата за снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот.**

Согласно овластувањето дадено во член 232 став 2 точка 6 од Законот за водите (Сл.весник на Р.М.бр.87/08,6/09,

**Република Северна Македонија**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен инспекторат за животна срединавотна средина**

ИП1бр.29-190
Датум: 25.02.2026 година

Државниот Инспекторат за животна средина преку Игор Трајкоски Државен инспектор за животна средина со службена легитимација бр. 06-0017, донесува Решение врз основа на член 68 од Закон за инспекциски надзор (СлВесник бр 135/2025и269/2025) и врз основа на член 232 став 2 од Закон за води (Сл.весник на Р.М. бр.87/08,6/09,161/09,83/10,51/11,44/12,23/13,163/13,180/14,46/15,52/16,151/21и3/25), над работењето на **Јавно Претпријатие ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА Струга ул.Кеј 8-ми Ноември бб, Струга**, со ЕМБС 7404034 и ЕДБ 4026019532473, застапувано од В.Д. Директор Јованчо Мечкароски, а во врска со извршениот Вонредниот инспекциски надзор со број ИП1 29-190 од 23.02.2026год се донесе:

**РЕШЕНИЕ**

СЕ **НАРЕДУВА на** Јавно Претпријатие ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА Струга ул.Кеј 8-ми Ноември бб Струга, со ЕМБС 7404034 и ЕДБ 4026019532473, застапувано од В.Д. Директор Јованчо Мечкароски по приемот на решението, да ги превземе следниве мерки за отстранување на недостатоците утврдени со записник со број ИП1 29-190 од 23.02.2026 и тоа:

1.До Министерството за животна средина и просторно планирање Управа за животна средина-Сектор води да поднесе **Барање за добивање Дозвола за користење на водата за снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот.** За изворот во Шум и изворите од Горна Белица-општина Струга.

Рок: 90(деведесет)дена.

2.Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта i.trajkoski@sei.gov.mk да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

3.Жалбата против оваа решение не го одлага неговото извршување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ